# Барања на Комората до Министерството за здравство и ФЗО



1. Фондот за здравствено осигурување да каже колкав е процентот од буџетот на ФЗО, за стоматологијата. Зашто, голем е бројот на осигурениците кои плаќаат здравствено осигурување, а немаат избрано матичен стоматолог.

2. Универзитетските клинички центри исклучиво да се во функција на преддипломската, постдипломската и др. вид настава, бидејќи доколку е поинаку, клиничките центри ќе бидат поставени како нелојална конкуренција на приватните ординации.

3. Да се укине член 153–б од Законот за здравствена заштита со кој од докторите на стоматологија се бара по завршувањето на студиите да специјализираат за да го остварат правото да добијат работна лиценца без која, во спротивно, ќе може да работат само под менторство на друг доктор.

Прашањето е, кој ќе ги прими да работат новите стоматолози во своите ординации (ако се има предвид колку голем е бројот на оние кои завршуваат) и за таа плата што би ја добиле, како ќе обезбедат средства за специјализација која чини најмалку 10.000,00 евра?!

Во однос на најавите од Министерството за здравство, меѓу кои е и најавата за создавањето на нови стоматолошки тимови под чија надлежност ќе биде превентивната стоматолошка здравствена заштита, останува дилемата, од каде ќе се најдат средства за покривање на платите, за стоматолошките материјали и ординации за новите тимови, ако буџет за стоматологија во ФЗО нема.

Стоматолошката комора е со став дека создавањето на новите стоматолошки тимови, пред с се на штета на осигурениците. Од една страна, родителите даваат средства за здравствено осигурување. Доколку нивното дете не сака да се лечи кај доктор по превентивна стоматолошка здравствена заштита, родителот е принуден своето дете да продолжи да го носи кај избраниот матичен стоматолог, каде не може да го исполни правото што го добива по основ на осигурување. Ваквата одредба, пак, од друга страна го скратува основното уставно право на избор – на свој матичен доктор.

Комората е со став дека превентивата за деца до 14–годишна возраст треба да биде под капата на детските и превентивни стоматолози, но не и куративата.

Според Комората, Правилник за контрола на стоматолошките ординации донесен од Фондот за здравство, излегува од своите ингеренции бидејќи со него ФЗО врши контрола и во надлежности кои не се на Фондот. Како што е на пример, контролата врз сметководственото работење на стоматолошките ординации.

Останува на ставот Комората дека договорите со Фондот натаму се едностранi и дека со нив стоматолозите воопшто правно не се заштитени.

Воедно, Комората потсетува дека не смее да се заборави дека капитациониот бод кај матичните стоматолози не изнесува 35 денари, туку многу помалку, доколку се земат и сите казнени одредби што постојат за стоматолошките ординации.

Комората смета дека не е вистински дадено правото да дава стручни сугестии по однос на измените и дополнувањата на законската регулатива иако како еснавска професионална асоцијација може да даде голем придонес во тоа.

## Први вработувања на стоматолошкиот факултет

Стоматолошкиот факултет, по 50 години постоење, за прв пат вработи 26 професори и 51 асистент кои, истовремено, ќе бидат вработени и на Клиниката за стоматологија. Колку време ќе работат на Клиниката, а колку на Факултетот, и колкава плата ќе земаат како лекари, а колкава како предавачи, е регулирано со спогодбата меѓу Клиниката и Факултетот.

Проф.д–р Александар Грчев, декан на Стоматолошкиот факултет, истакна дека се вработуваат 26 професори и 51 асистент, бидејќи толку му се потребни за нормално одвивање на наставата. Тој тврди дека со овој потег ниту наставата ниту образовниот процес нема да трпат. „Најстариот професор што го вработуваме има уште една година пред пензија. Сите што се ставени на листата за вработување се избрани на конкурс„ рече деканот Грчев.

Ректорот, проф.д–р Велимир Стојковски по потпишувањето на договорите рече дека со тоа прв пат по повеќе години се решава статусот на здравствените работници и на професорите кои предаваат на Факултетот. Користејќи ги законските прописи, како што посочи, Универзитетот и Факултетот со добра соработка со клиничките центри и министерот за здравство, е изработен модел на двоен работен однос.

– Со овие договори професорите го решаваат својот статус, а Факултетот добива вработени професори, рече Стојковски и образложи дека договорите се изработени во зависност од клиниката, од нејзината потреба и од ангажманот на професорот. Тој потенцираше дека со овие договори нема да има никакви фискални импликации и оти примањата на професорите остануваат исти. Најави дека, наскоро, такви договори ќе бидат потпишани и на Медицинскиот факултет во Скопје.

Деканот на Стоматолошкиот факултет, пак, оцени дека со ваквиот чекор се имплементира интеграција на образовниот, здравствениот и научно–истражувачкиот процес на Факултетот.